РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 09-830/1
22-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, одржано на ден 12 февруари 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 – 3663/1 од 22.10.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09 – 3663/1 од 22.10.2020 година, бидејќи наводите од пријавата за постоење на состојба на судир на интереси при носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------------- на локалитет -------, Општина ----------- и Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ---------------- на локалитет ---------, Општина -----------, не се потврдени.

Предметот со број 09 – 3663/1 од 22.10.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 – 3663/1 од 22.10.2020 година е оформен врз основа на пријава добиена од страна на Политичка партија -------------, со барање за постапување заради постоење на состојба на корупција која што произлегува од судир на интереси во ------------- на Република Северна Македонија. Конкретно, пријавата се однесува на наводи за постоење на состојба на судир на интереси при носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина ----------- и Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на --------------- на локалитет ------------, Општина --------------. Во пријавата има наводи дека овластено лице -------------- е -----------, додека овластено лице во ------------- е -----------. Понатаму е наведено дека формално правно Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на --------------- на локалитет --------------- , Општина --------------- е потпишана од ---------------, додека Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на локалитет ------------- е потпишана од Заменик ------------, но заедничка точка за нив е дека фактот што се наоѓаат во институција чиј претседател е ------------. Понатаму е наведено дека без оглед дали ------------- бил присутен на конкретната седница на --------- кога се носеле горенаведените одлуки или бил отсутен, сепак ----------- која ја предводи им ги дала наведените Концесии на фирми на неговото семејство. За одлуките гласале членови на -------------, избрани и предложени од него како мандатар за состав на -----------. Според пријавителот прекршени се член 73 и член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија, со цел да изврши целосна проверка на наводите од пријавата, покрај овој предмет, оформи и предмет со сомнежи за корупција, со број 12-3695 од 26.10.2020 со кој Државната комисија ги испитуваше спроведените постапки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ------------------ на локалитет с. ----------, Општина ----------- и постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ---------------- , Општина ----------.

Заради утврдување на наводите од пријава по однос на можна состојба на судир на интереси, Државната комисија побара од ------------- на Република Северна Македонија да ја достави следнава документација:

1) Копија од Записник за работата и одлучувањето на --------- на Република Северна Македонија на седницата одржана на 06.10.2020 година, во делот на работа по точка на која се расправало и се носела Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ----------, Општина ---------- со произнесување по однос на прашањето дали бил присутен, дали расправал и одлучувал по однос на истата, --------------------- односно дали се изземал од постапувањето по оваа точка.
2) Копија од Записник за работата и одлучувањето на --------- на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24.04.2018 година, во делот на работа по точка на која се расправало и се носела Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ----------, Општина ----------со произнесување по однос на прашањето дали бил присутен, дали расправал и одлучувал по однос на истата, ------------ односно дали се изземал од постапувањето по оваа точка,

3) Копии од стенограми (стенограмски белешки) и/или аудио записи од гореспоменатите седници во делот кога се расправало и се донесени: Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина ----------- и Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина -----------

Од ------------- беше доставена побараната документација и се констатира следново:

Кога станува збор за носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина -----------, со бр- ----------- од 06.10.2020 година, видно од доставената документација, истата одлука е потпишана од -------------. По споменатата одлука се расправало на деветтата седница на ---------------, одржана на 06.10.2020 година. Со таа седница претседавал --------------- и првиот заменик на ------------------. Врз основа на стенографските белешки, --------------- го пријавува својот приватен интерес, односно истакнува дека --------------- ќе ја води седницата во делот кога ----------- ќе расправа за носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина -----------, поради тоа што се одлучува за семејни компании на ---------------. Видно од документацијата, ------------------ не учествувал во расправањето и одлучувањето по точка 44 (Предлог Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина -----------)

За Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ------------------ на локалитет ---------- , Општина -----------, се расправало и одлучувало на 65 – та седница на ------- на Република Северна Македонија одржана на 24.04.2018 година. Видно од добиената документација, односно од Записникот кој се водел за наведената седница е утврдено дека со оваа седница претседавал Заменикот на -------------- на Република Северна Македонија и министер -----------, -------------, додека ------------- воопшто не бил присутен на расправањето и одлучувањето по материјалите од Дневниот ред на 65-та седница на ----------- одржана на 24.04.2018 година. Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ----------- , Општина ----------- со бр. --------- од 24.04.2018 година е потпишана од Заменикот ---------------.

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија не утврди повреда на член 73 од ЗСКСИ, бидејќи при носење на гореспоменатите одлуки, не е утврдено прикривање на приватен интерес од страна на службено лице, во овој случај ----------- на

Република Северна Македонија, со оглед на фактот дека при носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ----------------- на локалитет ---------- , Општина -----------, службеното лице го пријавило приватниот интерес и се изземало од расправањето и одлучувањето по наведената Одлука. Кога станува збор за носење на Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини – глина на ------ ----------- на локалитет ---------- , Општина -----------, службеното лице, ----------- воопшто не учествувало на седницата кога се носела Одлуката.

Државната комисија не утврди нитy повреда на член 51 од ЗСКСИ, бидејќи во конкретниот случај, ------------ на Република Северна Македонија не стапува во деловни односи со АД -------------- и Друштвото -----------------, затоа што договорите за концесија за експлоатација на минерални суровини, врз основа на донесените одлуки, согласно член 46 став 2 од Законот за минерални суровини, се склучуваат со надлежното министерство, а тоа е министерството за економија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска